# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СТУДЕНТСКА АНКЕТА

Со цел да добиеме валидна информација од апликацијата за анкета на студенти, при нејзината употреба ве молиме да ги следите следните инструкции:

1. Логирањето на апликацијата се врши преку **http://student.mf.edu.mk**
2. Кога ќе се отвори страницата треба да се Најавите со:
   **Корисничко име** - вашиот индекс број и
   **Лозинка** - вашиот единствен матичен број

   пример: Индекс број **A99999**

   ЕМБГ **2501986455010**

   **Најава**

3. Откако ќе се најавите ќе ви се отвори страната на која се излистани предметите кои сте ги слушале последниот семестар. Од листата треба да одберете предмет и да кликнете на копчето **“Внес”** под листата на предмети.
4. По избирањето на предметот се појавува анкетниот лист за одбраниот предмет кој треба целосно да се пополни, во спротивно апликацијата нема да ви дозволи понатамошна работа.
5. Откако ќе ја пополните анкетата го потврдувате внесеното на копчето **“Внес”**, по што апликацијата ќе ве врати на страната каде треба да изберете нареден предмет од листата на предмети.
6. Постапката ја повторувате сé додека не ги пополните анкетните листови за секој излистан предмет одделно.

ЗАБЕЛЕШКА:

- Доколку по пополнувањето на анкетата за одреден предмет притиснете на копчето **“Врати се на избор на предмет”** одговорите што претходно сте ги внеле нема да останат регистрирани и анкетата ќе треба да ја пополните повторно од почеток.
- Ако ја изберете третата опција **“Одјави се”** во тој случај се одјавувате комплетно од апликацијата и она што сте го пополниле нема воопшто да ви биде регистрирано.

**ЕДЕН ПРЕДМЕТ ИМАТЕ ПРАВО САМО ЕДНАШ ДА ГО АНКЕТИРАТЕ**

***Апликацијата треба да се пополни до 15.09.2007г.**